НОВ Почеток СДСМ

# ПРОГРАМА

- со основни правци на дејствување -

Поднесува:

Јован Деспотовски, кандидат за претседател на СДСМ

Скопје, јуни 2024 година

Почитувани граѓани, драги сопартијци,

Денес пред вас претставуваме програма за работа на новиот СДСМ. Програма за нов почеток, за нова енергија, нова сила, нов начин на работа, на почитување и уважување на секого, но и на одговорност кон вас, кон луѓето кои ја чинат оваа приказна. Оваа програма не ја пишував сам. Во нејзе нема ЈАС, има НИЕ.

Новиот СДСМ е сила која денес повторно се раѓа. Новиот СДСМ заедички го создаваме како НАШ. Во програмата се опфатени многу работи за кои сме зборувале одамна. Работи, принципи, вредности и проекти за кои во некои минати времиња политичарите добивале доверба, која потоа е заборавена. Во новиот СДСМ има место за сите. Нудиме концепт што обединува, а не фаворизира. Концепт во кој НИЕ е секогаш и посилно и поважно од ЈАС.

Пред три години понудивме програма со која СДСМ требаше да се престрои и да се врати на патеката за која ја доби довербата од луѓето. Денес тоа е загубено. Но денес ние нудиме програма за нов почеток. Ново раѓање. Нов СДСМ. Партија, сила од која нема да се плашиме, бидејќи е наша, македонска, на сите луѓе подеднакво. Не на поединци, не на структури, не на интересни групи. Нов СДСМ во кој нема да зборуваме, туку ќе дејствуваме. Каде професионалноста ќе се цени, а учиникот ќе биде основа за наградување и за напредување. Нов СДСМ што ќе знае да слуша, да почитува и да не заборави дека партијата е тука за луѓето, за државата. Дека работниците мора да се платат, дека здравството и образованието се клучни за целото општество, дека правдата не е и не смее да биде слепа на политичари и интереси кои не се наши, на граѓаните. Политичка сила која нема да критикува по секоја цена, ниту ќе остави власта да се однесува без контрола. Новиот СДСМ не е непријател на бизнисот. Успешните мора да се помогнат да станат уште поуспешни. Нивниот успех е успех на целата држава. Само инвестиции и новосоздадена вредност, а не зафаќање од тоа што веќе постои, може да помогне да се намали сиромаштијата и луѓето да живеат и поспокојно и поубаво.

Нов СДСМ во кој нашите другари со искуство не се заборавени. Програма во која одговорноста и отчетноста ќе биде кон членовите, а не кон централата во Скопје. Програма во која можеби немаме решение за сите прашања, но имаме основа, принципи и подадена рака за заеднички да градиме такви.

Почитувани другари, сораѓани,

Предизвикот да се води еден нов СДСМ е огромен. Ќе ни треба време, трпение, ум и мудрост и, секако, многу среќа. Но, знам дека ќе успееме.

Оваа програма не е конечна. Останува отворена за сите предлози, сугестии, критика. Со нејзе почнуваме една заедничка приказна.

Еден нов СДСМ, што ќе го градиме НИЕ. Ве поканувам да зачекориме заедно во новиот почеток.

**Идеи, цел и пристап**

Силен СДСМ им е потребен на сите, а патот до силен СДСМ е наша должност и обврска! Како членови на новиот СДСМ носиме огромна одговорност нашата опција, идеја, цел да опстои и да постои и понатаму. Денес сме им потребни на нашите членови и поддржувачи, но и нас самите, а веќе утре ќе и бидеме потребни на државата, на сите наши сограѓани.

Повторното раѓање на силен СДСМ мора да започне со **јасна и цврста определба за социјалдемократските вредности** и решеност да се обезбеди иднина на заеднички просперитет, еднаквост и стабилност. Новиот СДСМ ќе се роди како автентична, прогресивна партија и по начинот на своето делување, политиките, луѓето кои ја претставуваат партијата и начинот на кој се комуницира со членовите, симпатизерите и воопшто заедницата. Партија која ќе биде прв избор за сите прогресивни, демократски ориентирани граѓани. Партија која ќе биде предводник во градењето на нова политичка култура втемелена на демократски принципи. Партија која ќе го врати вистинското значење на граѓанскиот патриотизам како грижа и залагање за почитување на човековите права и слободи на сите, славење на различностите, грижа за животната средина, отпорност на корупција.

За да го постигнеме ова, за нас, луѓето, за државата, ни треба силна и доследна структура која ќе ја предводи прогресивната агенда. И сите ние треба да бидеме дел од таа промена.

**Моќта наша е во солидарноста, моќта наша е во заедништвото.**

Програмата **"Нов почеток, нов СДСМ"** дефинира **5 столба** како значајни компоненти на тој заеднички пат:

**А. НАШИТЕ ОСНОВНИ ВРЕДНОСНИ ЗАЛОЖБИ КАКО СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИ**

**Б. ЗА ЛУЃЕТО**

**В. ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

**Г. КЛУЧЕН ФОКУС**

**Д. КЛУЧНИ ПАРТНЕРИ**

Оваа програма претставува стратешки документ со јасно поставени цели и пристап во 3 ФАЗИ:

**1. Нов почеток и енергија за партијата и членството на новиот СДСМ**

**2. Дефинирање на активностите и начинот на дејствување од перспектива на опозиција**

**3. Подготовка на партијата и членството за идните избори**

# А. НАШИТЕ ОСНОВНИ ВРЕДНОСНИ ЗАЛОЖБИ КАКО СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИ

**За што се залагаме?**
Храброст, одговорност и отчетност во носење на неопходните прогресивни промени. Вистински социјалдемократски решенија кои одговараат на потребите на луѓето, наместо лажни и популистички говори.  Без доследност во вредностите и политиките, не можеме да очекуваме препознатливост и доверба од членството и сите граѓани. Обновата на своето политичко влијание ќе ја темелиме на фундаменталните вредности: слобода, одбрана на човечкото достоинство, праведност, солидарност, инклузивност и еднаквост. Еднаквоста ја разбираме како еднаквост на сите граѓани и граѓанки во можностите за пристап до општествени добра - работа, остварување на социјалните, културните и политичките права, правото на здрава и чиста животна средина и еднаквост во правото на заштита од сите форми на дискриминација. Правото на избор и да се живее согласно  сопствениот избор.

**ЦЕЛ: Достоинствена работа за сите и заштита на работничките права**

**ПРИСТАП:** Благосостојбата на сите луѓе и социјалната правда се во центарот на нашата политичка активност. Сакаме да обезбедиме квалитетни работни места за сите, без разлика на нивната возраст, пол или место на живеење. Зелената и дигиталната транзиција имаат потенцијал за радикално трансформирање на нашите економии и отворање на нови работни места. Силна инвестиција во зелени и дигитални технологии и во циркуларната економија, како и во економијата на грижа, може да доведат до создавање квалитетни, безбедни и добро платени работни места. Притоа, заштитата на работничките права се приоритет за новиот СДСМ. Системски решенија за соодветна заштита на работниците од кршење на работничките права преку незаконски отпуштања, долготрајни судски спорови во врска со работните спорови во судовите, неплаќање прекувремена работа, работа за празници и недели спротивно на одредбите од законските прописи, безбедност и здравје при работа, непријавена работа. Ја враќаме довербата на работниците во можноста за достоинствена работа и живот.

**ЦЕЛ: Намалување на јазот во општеството**

**ПРИСТАП:** Како социјалдемократи, промовираме политики кои водат кон намалување на јазот во општеството помеѓу оние кои имаат помалку и оние кои имаат повеќе. Тоа е возможно само преку добро финансирани и квалитетни јавни услуги и социјална заштита. **Квалитетно и достапно јавно здравство и образование се основата на секоја развиена, демократска земја.**
**Столбот на добар здравствен систем е јавното здравство**, а ние како социјалдемократи се стремиме да развиеме таков здравствен систем кој ќе биде пријател и на пациентот и на здравствениот работник. Здравствената заштита која е подеднакво, лесно и брзо достапна за сите наши граѓани според принципите на социјална солидарност, односно да обезбедиме единствен и самоодржлив здравствен систем на задолжително здравствено осигурување. Не смее да има поделба на оние кои можат да си дозволат да отидат во приватните здравствени установи и оние кои ќе се прашуваат дали ќе ја добијат потребната услуга или терапија. Заштита на правата на пациентите и јавно и солидарно здравство во кое во центарот е пациентот.

**ЦЕЛ: За секое дете, секое право**

**ПРИСТАП:** Децата во фокусот на нашите политики, за секое дете да има пристап до квалитетни услуги и еднакви можности да гради подобра иднина за себе и за земјата. Секое дете, без разлика каде живее, да има грижа, добра и услуги од страна на родителите и државните институции. Особено ги приоретизираме политиките и плановите за таргетирање на нееднаквоста и да се насочат кон најранливите деца. Во таа насока, развиваме мерки кои значат пристап до социјални услуги и грижа за да се одговори на детската сиромаштија, да се промовира поддршка насочена кон семејствата; секое дете да има пристап до предучилишно образование; справување со лишеноста од образование што придонесува за детската сиромаштија преку програми за намалување на рано напуштање на образованието и поддршка за инклузија на децата кои не се вклучени во образовниот процес и децата со попреченост; пристап до здравствена заштита за секое дете преку подобрување на опфатот со здравствено осигурување за децата, како и зајакнување на патронажните служби и системот за имунизација.

**ЦЕЛ: Држава по мерка на младите**

**ПРИСТАП:** Младите се сегашноста и иднината! Новиот СДСМ целосно ги почитува приоритетите на младите утврдени и со Младинскиот манифест на СДММ и дава поддршка на нивната реализација.

- Квалитетни работни места на конкурентен пазар на труд
- Пристап до квалитетно и инклузивно образование и обука
- Младински стандард
- Функционална држава
- Достапно, пристапно и достоинствено домување
- Еднаквост и вклученост
- Климатска акција
- Европска интеграција

Младинските организации и сојузи се партнери во сите активности.

**ЦЕЛ: Социјално праведна енергетска транзиција**

**ПРИСТАП:** Со промовирање на социјално праведна енергетска транзиција, повеќекратно го унапредуваме нашето општество. Прво, обновливата енергија ќе ги демократизира нашите електроенергетски системи и инфраструктура. Второ, ни да обезбедиме **пристап до евтина и сигурна енергија за сите: работниците, бизнисите и потрошувачите.** Трето, ова исто така помага да ја ограничиме климатската криза и придружните социјални влијанија. И, конечно, обновливите извори на енергија го подобруваат индивидуалното и јавното здравје. Тоа значи вложување во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, развој на чисти технологии, заштита и обнова на стратешката инфраструктура. Истовремено, ги штитиме најранливите, развиваме стратегија против енергетската сиромаштија и ја третираме енергијата како јавна услуга која мора подеднакво да е достапна за сите.

**ЦЕЛ: Рамномерен регионален развој**

**ПРИСТАП:** Промените кои сакаме да ги видиме во општеството се случуваат на локално ниво. Единствен начин да обезбедиме промени во насока на унапредување на квалитетот на живот на секој еден/една се решенија кои промовираат територијална кохезија и инвестиции во секој град и секое село за добар квалитет на живот. Обезбедувањето на услови за долгорочен одржлив развој и благосостојба на сите граѓани во земјата е неразделно од креирањето на политики за намалување на регионалните диспаритети и балансиран регионален развој. Тоа значи не само вложување во инфраструктурата, туку и рамномерна поддршка за развој на претприемништвото, образованието, спортот и културата, како и младинското учество. Развиваме одржливи и достапни решенија за урбанистичкото планирање, јавниот превоз, домувањето, вклучувајќи и социјалното домување, услуги за нега и јавни простори безбедни за сите.

**ЦЕЛ: Достапно и квалитетно домување за сите**

**ПРИСТАП:** Правото на домување е човеково право, но за многу наши сограѓани сеуште е проблем обезбедувањето на достапно и пристојно место за живеење. Застапуваме политики кои значат повеќе инвестиции од централните и локалните власти во јавни станови. Ги прошируваме програмите за социјално домување, кое е моментално наменето само за тесна група на лица во социјален ризик кои може да ги исполнат ограничувачките критериуми поставени од страна на државата. Освен оваа опција за социјално домување, развиваме и други програми за домување – достапно, субвенционирано, економски исплатливо или поддржано домување за граѓани кои се наоѓаат во моментална криза, тежок финансиски период или имаат континуирано ниски приходи. Програми за домување за млади лица се приоритет!

Дополнителна заштита на станарите со измени во законот за домување и воопшто го промовираме принципот на добро владеење на сите нивоа и за сите прописи во областа на домувањето.

**ЦЕЛ: Одбрана на демократијата**

**ПРИСТАП:** Соочени со предизвиците на денешницата и силниот налет на радикални антидемократски движења, како социјалдемократи, мора да застанеме во одбрана на демократијата, човековите права и владеењето на правото. Несомнено дека изминатите години СДСМ придонесе многу за унапредување на слободата на изразување и слободата на медиумите, заштитата од дискриминација и унапредување на овозможувачката околина за граѓанското општество. Но, имаме уште многу работа за градење силни и независни демократски институции кои го почитуваат начелото на транспарентност и се сервис на граѓаните. Како основни елементи за демократски институции и владеење на правото гарантираме заштита на човековите права и слободи на секоја индивидуа, заштита на

најранливите и маргинализирани групи во општеството, партнерство и поддршка на граѓанското општество како коректив на власта и слободни и независни медиуми.

**ЦЕЛ: Уништување на корупцијата**

**ПРИСТАП:** Македонските граѓани ја препознаваат корупцијата како еден од најголемите општествени проблеми. Последиците од корупцијата оставаат силен белег на општата општествена доверба, на општествените очекувања, на нивото на оптимизам и доверба во државата. Првиот услов за ефикасна борба против корупцијата е колективно отфрлање на коруптивните практики како составен дел на културата. Сузбивањето на корупцијата е првенствено одговорност на институциите кои се законски се обврзани да го сторат тоа, но е неопходно и да се постигне највисок можен степен на консензус кај јавноста за потребата од сузбивање на секаков облик на коруптивно однесување, а во спроведувањето на антикорупциските активности, покрај највисоките државни функционери, кои мора да бидат пример за сите граѓаните, неопходно е да се вклучат сите државни органи, без разлика дали се на централно или локално ниво, сите заинтересирани организации, деловни субјекти, институции и граѓани. За да се промени свеста и да се создаде општ консензус, неопходна е политичка волја да се осуди корупцијата и строго да се санкционира без селективност. Транспарентноста на процедурите и работењето, како и точно дефинираните одговорности на секој функционер, вработен во јавните органи, е првиот неопходен услов за борба против корупцијата. Затоа развиваме јасни механизми транспарентност како едно од првите барања пред сите носители на јавни овластувања. Власт што е можно поотворена за граѓаните да учествуваат во одлучувањето и да следат како се управува со ресурсите и што се прави за нив и во нивно име. Сите информации што им се достапни на јавните органи, особено одлуките, се достапни за секој заинтересиран/а.

**ЦЕЛ: Еднаквост и заштита од дискриминација за сите**

**ПРИСТАП:** Како социјалдемократи, не премолчуваме пред силниот налет на антидемократски движења со кои се соочува светот, а се пресликуваат и кај нас. Родовата еднаквост, спречувањето и заштитата од дискриминација по сите основи е темелна вредност на нашите заложби. На секое ниво, жените се еднакви учеснички во донесување одлуки, преговори и изборот на решенија. Креираме мерки кои ќе обезбедат целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа при донесувањето одлуки во политичкиот, економскиот и во јавниот живот, по принципот 50/50. Но, истовремено обезбедуваме доследна примена на овој принцип и внатре во сите структури на партијата. Новиот СДСМ е партија на еднакви можности која вложува во политичко јакнење и градење на капацитети на жени лидерки. Развиваме и поддржуваме политики и мерки за намалување на родовиот јаз во платите и пензиите, вложување во економијата на грижа и еднакви можности на пазарот на труд. Борбата за елиминирање на сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера мора да се засили. Новиот СДСМ е гарант на сексуалните и репродуктивни права на жените и девојките и почитување на принципот “мое тело, моја одлука”.

Пречките и попреченоста ја гледаме во општеството, а не во индивидуата. Голем дел наши сограѓани се уште се соочуваат со дискриминација и нееднаков пристап до информации, здравје, образование и вработување. Го унапредуваме концептот на разумно приспособување кој мора да се направи за лицата со попреченост во однос на информациите, транспортот, работното место, објектите и услугите. Предлагаме закон за вработување на лицата со попреченост. Достапноста и пристапноста на јавните објекти, вклучително и партиските простории, е наш приоритет. Партиската веб страна и документи достапни и за лицата со оштетен вид и слух.

**ЦЕЛ: Развој на интеркултурализмот**

**ПРИСТАП:** Основа на секое современо општество претставуваат различностите во социјалното живеење. Почитувањето на различностите е потенцијалот за развој на секое современо општество и овозможува раст и развој и на поединецот и заедницата. Нашата татковина секогаш била мозаик на различности кои со векови живееле заедно: Македонци, Турци, Албанци, Роми, Бошњаци, Срби, Власи... Но, мораме да направиме суштински исчекор и да живееме едни со други, наместо едни покрај други. СДСМ секогаш била партија предводник на идејата на обединетост во различностите и таа идеја мора да се негува и развива понатаму. Интеркултурализмот се темели на еднаквоста, признавањето на различностите и толеранцијата меѓу индивидуите. Акцентот ставаме на правото за култура, избегнување и искоренување на стереотипите, преку образование кое ги промовира овие вредности. На тој начин се поставуваат здрави темели врз кои се надградуваат другите процеси во општеството во остварувањето на целта - еднакво општество за сите.

# Б. ЗА ЛУЃЕТО

**ОСНОВИ ПРИНЦИПИ:**
Наш клучен фокус се луѓето во секоја смисла на зборот, нивниот живот и нивните потреби. **Никој да не биде изоставен (no one left behind).** Преку критичко размислување, отвореност, верба во отвореност за нови учења и промена, континуирана едукација и развој, култура на прифаќање и почитување на различностите, и транспарентна комуникација ќе бидат во фокус кон луѓето како главен двигател на партијата и општеството.

**ЦЕЛ: Професионализација на партијата**

**ПРИСТАП:** По моделот, **,,Вистинските луѓе на вистинско место"**, работата на стручните тела на новиот СДСМ ќе се зајакне дополнително, со професионализација на тимовите за поддршка. Подразбира дека секоја стручна комисија ќе има тим соработници што ќе обезбедат континуитет во подготовка и следење на реализацијата на предложените политики, мерки и решенија.

Натамошна, зајакната професионализација на внатрешните процеси на анализа, правна поддршка и комуникации. Постојната структура ќе се **надградува со воведување на нови алатки и користење на надворешни капацитети, на професионална основа**. Немаме задршка да истапиме надвор од рамките на организацијата и да обезбедиме поддршка во исполнување на поставената цел.

Кадровската политика на СДСМ ќе се темели на следните постулати:

1. Етаблирање на компетенциите како врвен критериум во селекцијата на кадри
2. Кандидирање за бирани или именувани позиции врз основа на соодветно образование и сет на вештини и докажани претходни професионални и лични постигнувања во областа за која се номинира лицето.
3. Подготовка на правилник со критериуми за кандидати за функции.
4. Воспоставување на реален процес на филтрирање на предлозите, потпомогнат од дигитален HR систем кој се храни со податоци
5. Навремено профилирање на кандидати за функции и следење на фидбекот на јавноста за потенцијалните кандидати
6. Воведување на принцип на менторство за избрани односно предвидени кандидати за функции
7. Навремена грижа и обезбедување на сукцесија на партиските позиции како еден од приоритетите на партиското лидерство
8. Тековна соработка со сестрински партии за развивање на личниот и заедничкиот кадровски потенцијал

**ЦЕЛ: Транспарентност, Инклузивност и Отчетност**

**ПРИСТАП:** Новиот СДСМ има систем за етичко и отчетно однесување на партиските лидери и партиските членови во функционирањето на партијата, кој вклучува поставени јасни цели, редовно и објективно известување за нивното (не)постигнување и за соодносот меѓу трошоците и придобивките. Транспарентност преку објавување на извештаи за финансиските активности

на партијата, за отчетност пред граѓаните за парите кои се добиваат од државниот буџет и спречување на можни влијанија на “групи од интерес”.

**ЦЕЛ: Професионален развој и Силни на капацитети**

**ПРИСТАП:** Подготовка на алатки и програми за континуирана едукација, во соработка со граѓанските организации и меѓународните партнери за креирање политики, следење и евалуација на политики и добро владеење во рамки и на партијата и институциите. Стручни тематски едукации подготвени врз основа на проценка на потребите.

**ЦЕЛ: Транспарентна комуникација**

**ПРИСТАП:** Воведување на модел на континуирана двонасочна комуникација со членството и граѓаните. Натамошно развивање на системот **„врата до врата“** и политика на **,,отворени врати,,** со воведување на редовни посети на избирачите и во период кога не се случуваат избори. Непосредниот контакт ќе овозможи и слушање на „ехото“ од пораките и политиките на Владата во различни области и континуирано презентирање, но и прилагодување.

Зајакнување на отвореноста на СДСМ и институциите преку нормално, **секојдневно присуство на носителите на функции во локалните средини**. Нема да се фаворизираат „приказни“ за работа 24/7, туку ќе се прифати фактот дека носителите на функции се нормални луѓе, кои треба да продолжат со нормалната рутина. Нормалната рутина не е „само за сликање“. **Нема „криење“ од јавноста, пријателите, соседите**. Одењето во парк за викенд, или на кафе во кафулето каде редовно излегуваме продолжува нормално.

**ЦЕЛ: Влијание во носење на одлуки**

**ПРИСТАП:** Сите партиски членови и ограноци во партиската структура (вклучително и внатрепартиските тела како Форум на жени, СДММ) имаат можност да разгледуваат опции, да придонесуваат со идеи и да влијаат на одлуките на партијата. Континуирана комуникација со членството и организирање на тематски форуми по потреба за дискусија и утврдување решенија и носење одлуки на актуелни теми

# В. ОРГАНИЗАЦИЈА

Новиот СДСМ има ефикасна и разбирлива организација со утврдени механизми за постојано менување, прилагодување и развој, но повторно, врз основа на јасно поставените вредности и принципи за кои како социјалдемократи се залагаме.  Повеќе од очигледна е потребата да, во периодот што следи, СДСМ се менува и да ги прифаќа пристапот, моделите и алатките на работење применливи во успешните системи (организации) на глобално ниво. Новиот почеток започнува со воспоставување на партиска инфраструктура која комуницира од месните одбори, преку општинските организации, градската организација Скопје до централата. Вредностите, знаењата и вештините, алтруизмот, чесноста и личниот пример како критериум во формирањето на партиската инфраструктура на новиот СДСМ.

Водечки принципи за новиот СДСМ во наредниот период, се:

- Професионализација
- Транспарентност, Инклузивност и отчетност
- Професионален Развој и силни на капацитети

Во првата фаза од воспоставувањето на новиот СДСМ и ревитализацијата на партијата и членството, клучно ќе биде да се фокусираме на следните цели:

### ЦЕЛ: Јакнење на директната демократија на сите нивоа во новиот СДСМ

**ПРИСТАП:** Членството е силата на СДСМ и токму затоа улогата на членството и општинските организации во носењето одлуки мора да биде зајакната. Тоа значи не за апсолутно централизирање на моќта во раководството. Ова подразбира воведување на избор на претседател на општинска организација, кандидат за градоначалник и пратеник преку непосредно гласање на членовите. Истото, како чекор во континуитет на воведениот модел на избор на Претседател на СДСМ.

Повеќе функции и позиции концентрирани кај едно лице нема да биде пракса во новиот СДСМ.

### ЦЕЛ: Систем на поставување цели и мерливи резултати

**ПРИСТАП:** Учинокот и успешноста на вршењето на функцијата Претседател на СДСМ и на сите останати лидерски функции ќе се мери преку реални и практични остварувања на резултати, согласно поставените цели.

Преку модел на Управувањето со учинок, поставување јасни цели и обезбедување редовни повратни информации за секој член за да ни помогне да ги постигнеме нашите цели.

Целта е преку управувањето со учинокот да ги максимизираме индивидуалните постигнувања на секој член во партијата, да креираме соработка, а преку редовни повратни информации да влијаеме на развојот на луѓето и организацијата

**ЦЕЛ: Кохезивна организација обединета околу заедничките вредности, принципи и цели**

**ПРИСТАП:** Креирање на кохезивна организација и политики на кохезивност
Креирање на кохезивност во тимот и способности ефективно да работи како целина кон заеднички цели. Организација во која членовите на тимот активно придонесуваат за капацитетите на тимот да работи заедно. Култура во која ќе се негува почитта, довербата и меѓучовечките односи помеѓу членовите на тимот. Тим кој ќе се чувствува обединет и кој ќе работи заедно и ефикасно ќе комуницира стремејќи се кон реализација на заедничките цели.

**Силно чувство за „НИЕ“**
Култура во која поединците кои се дел од кохезивниот тим се подготвени да ги остават настрана своите индивидуални желби и потреби за поддршка на поголемите цели на тимот - „ние“. Организација каде членовите на тимот споделуваат заедничка визија и се посветени да работат во име и за цели на тимот, а не во нивно име притоа преземајќи **Лична одговорност**, сметајќи се себеси за одговорни за работата за која се одговорни. Личности кои се свесни дека нивното индивидуално недоволно или нецелосно исполнување на целите влијае на целиот тим и се подготвени да останат одговорни до крај и да бидат искрени за нивните напори кон остварување на целите,

Основата на кохезивната организација е **високото ниво на доверба** како главна компонента на ефективната тимска работа и имаат приоритет да воспостават високо ниво на доверба меѓу членовите на тимот.

**ЦЕЛ: Воведување на принципи на добро демократско управување**

**ПРИСТАП:** Имплементација на политики на одговорното управување на јавните работи и управувањето со јавните ресурси, промовирајќи ги европските стандарди и најдобрите практики во оваа област водени според 12те принципи на доброто демократско управување на Советот на Европа
Доброто демократско управување подразбира систем на правила, практики и процеси според кои организацијата ќе биде управувана и ќе се контролира нејзината работа

1. Фер спроведување на изборите, претставување и учество
2. Ажурност
3. Ефикасност и ефективност
4. Отвореност и транспарентност
5. Владеење на правото
6. Етичко однесување
7. Компетентност и капацитет
8. Иновации и отвореност за промени
9. Одржливост и долгорочна ориентираност
10. Здрав финансиски менаџмент
11. Човекови права, културна различност и социјална кохезија
12. Лична одговорност

**ЦЕЛ: Јакнење на структурите во партијата (месни организации, општински организации, комисии)**

**ПРИСТАП:** Воведуваме систем на континуирана едукација на членовите, во соработка со домашните и меѓународни организации. Политичката едукација на членовите е значајна и како инкубатор за подготовка на кадар за идни носители на јавни функции, но и како придонес кон развојот на критичкото и креативното размислување во општеството. Политичките организации, СДСМ не смеат повеќе да се гледаат низ интересот за вработување или други индивидуални потреби и интереси. Развиваме концепт, свест дека политичкиот ангажман е можност да се даде придонес во развојот на општеството.

Пристап bottom up, тргнуваме од базата. СДСМ секогаш била партија на членовите, така ќе биде и во иднина.
Протокот на информации и човечки ресурси мора да оди од **месните организации** до општинските организации (преку градската организација во Скопје) до ЦО. Жива Месна организација значи во континуитет здрава дебата и филтер на кадар за партијата. Од локален и државен аспект. Месните организации се основната клетка на партиската структура и нивната улога и значење мора да ги вратиме.

**Општинските организации** се првиот контакт со членството и граѓаните и нивната поддршка е во фокусот на новиот СДСМ. Освен директниот избор на општинското раководство, како прв предуслов за силни општински организации, развиваме посебна програма за јакнење на капацитетите за управување со интегритет, комуникација и тематски обуки за општинските организации и советниците. Зголемување на видливоста на општинските организации и профилирање на членови кои во иднина може да се носители на функции е од клучно значење за подготовката за избори. Веднаш започнуваме со идентификување на потребите и на локалното население, како основа за креирање на локалните програми. Веднаш започнуваме заеднички да ги утврдуваме профилите на потенцијалните кандидати за претстојните локални избори.

**Воведуваме пракса на редовни средби на Претседателот на СДСМ со претседателите на ОО, секоја прва сабота во месецот**. Размената на информации, мислења, заедничко градење на ставови меѓу централата и раководството на ОО мора да биде двонасочна и постојана.

**Градската организација** Скопје – СДСМ да биде авангарда, како што го паметиме многу од нас! Градската организација станува повторно препознатлив предводник на прогресивните идеи во Скопје, со јасно утврдени критериуми за избор на раководство во консултација со општинските организации од Скопје.

Работата на **стручните тела (комисии)** на СДСМ ќе се зајакне дополнително, со професионализација на тимовите за поддршка. Ова подразбира дека секоја стручна комисија ќе има тим соработници што ќе обезбедат континуитет во подготовка и следење на реализацијата

на предложените политики, мерки и решенија. Немаме задршка да истапиме надвор од рамките на организацијата и да обезбедиме поддршка во исполнување на поставената цел.

**ЦЕЛ: СДММ прогресивен двигател на партијата и државата**

**ПРИСТАП: Социјалдемократската младина, нашата СДММ**, како независна структура со своја посебна програма, заснована на вредностите во Манифестот на СДММ, со издвоени алоцирани средства за реализација на своите активности. Младината е таа што секогаш треба да ги предизвикува ставовите на возрасните и партијата треба да го негува тој дух. Партијата, особено од перспектива на опозиција, мора да развие силни механизми за комуникација со младите луѓе и нивно привлекување во партијата. СДММ е клучна структура за ширење на социјалдемократските вредности меѓу членството, симпатизерите, но и генерално во општеството. Во делот на функционирање на СДММ предвидуваме:

- СДММ има  финансиска независност за реализација на своите програмски определби, со утврден процент на средства од буџетските средства кои ги добива партијата, на посебна сметка со која управува СДММ. Точниот процент ќе го утврдиме заедно со СДММ
- Членовите од редот на младите на ЦО, ИО и Надзорен на СДСМ се бираат на предлог на СДММ
- Кандидати за советници и членови на ИО на ОО на СДСМ, од редот на младите, ќе се бираат на предлог на локалните клубови на СДММ
- Еден/една од потпретседател(к)ите на СДСМ се бира на предлог на СДММ
- Системските, континуирани едукации за социјалдемократските вредности се врвен приоритет за нас. Тоа е најдобар начин за ширење на социјалдемократските вредности, привлекување нови млади лица и идентификување на млади со потенцијал за носители на функции. Политичката академија како препознатлив бренд на партијата и градење на идни социјалдемократски лидер(к)и мора повторно да се воспостави. Програми и обуки за јавен настап за членовите на СДММ, во соработка со меѓународните партнери и фондации.
- Репрезентативност на младите во сите структури на сениорите мора да има. Покрај претседателот на СДММ и претседателите на локалните клубови и останатите членови на СДММ мора да имаат пристап до структурите на сениорите.

**Форум на жени на СДСМ –** СДСМ е прва партија која воведе паритет во статутот и е секогаш предводник на прогресивни политики, не само во однос на партијата, туку и во однос на државата. Силен, феминистички, независен Форум на жени и треба и на партијата и на државата, особено во време кога се соочуваме со пораст на десничарските, антидемократски движења. Форумот на жени исто така ќе развие механизам за избор на Претседателка на Форумот од членките, наместо досегашната пракса претседателот на партијата по сопствен избор да ја носи таа одлука. Партијата исто така треба да алоцира средства од буџетските средства што ги добива од државата, за Форумот на жени со кои самостојно ќе располага форумот. Форумот на жени, без исклучок, мора да е вклучен во носењето на сите одлуки на партијата. Покрај школата за женски активизам, ќе воспоставиме академија за женско лидерство која ќе ја предводи Форумот, како и феминистичка школа за млади активистки.

**ЦЕЛ: Активна вклученост во меѓународни мрежи и сестрински организации**

**ПРИСТАП:** Новиот СДСМ има зајакнато присуство и влијание во групациите на сестринските социјалдемократски партии. Интензивна комуникација и взаемна поддршка за развој на партијата со меѓународните организации и политички фондации.

**ЦЕЛ: Етички кодекс (Кодекс на етичко и деловно однесување) и Формирање на Етички комитет**

**ПРИСТАП: НЕ! За Неетичкото однесување**. Преку јасно дефинирани правила, принципи, вредности, очекувања на раководството и членството, начин на однесувања и меѓусебни односи кои партијата ги смета за важни и се неопходни за успех. Етичката одговорност на членовите и функционерите ќе биде вградена и во новиот Статут кој ќе треба да се подготви.

Насоки подготвени за раководството и членството кои ќе ја штитат партијата, а истовремено ќе ги информираат раководството и членството за очекувањата а поврзани со однесувањето

Кодекс на етичко и деловно однесување, кој ќе дава упатства за однесување, ќе ги илустрира вредностите на партијата, ќе го зајакнува моралот на членството, ќе го одредува успехот и ќе обезбеди владеење и почитување на правото и законите

Преку формирање на Етичкиот комитет кој ќе биде одговорен за развивање и спроведување на политики и процедури за да се осигура дека партијата е усогласена со важечките закони и прописи, како и со сопствените етички стандарди.

Комитетот исто така ќе ја следи работата на партијата и ќе дава препораки за подобрување каде што е потребно. Целта на комитетот е да се осигура дека организацијата дејствува на начин кој е етички, одговорен и во согласност со важечките закони и прописи.

Овој комитет исто така, ќе го поддржува членството, ќе дава совети и ќе идентификува области од етички ризик поврзано со сите етичките прашања и ќе обезбеди услови членството да може јасно да ги изрази своите ставови и да учествува активно во дискусии поврзани со етички прашања / транспарентна комуникација

Етичкиот комитет ќе има обврска да развиваа стратегии за справување со можни ризици и давање препораки за тоа како најдобро да се промовираат етичките практики во партијата и подеднакво важно ќе има можност да покрене постапка за анализа на етичко однесување на поединец или група доколку постојат основани сомневања дека однесувањето не е во согласност со кодексот на етичко однесување.

Етичкиот комитет на СДСМ ќе може на барање на орган на СДСМ или на барање на член на партијата, да покрене и спроведе партиска постапка за утврдување на прекршување или

непочитувањето на етичкиот кодекс на Партијата. Процедурата ќе биде детално разработена со посебен акт за функционирањето на овој орган.

**ЦЕЛ: Формирање на Форум и Совет на Искусни**

**ПРИСТАП:** Нашата партија има долга традиција и најголемо искуство на политичката сцена во државата. Тоа искуство е драгоцено и не смее да биде занемарено. Напротив, од искусните личности во партијата се очекува да преземат водечка улога во градење на стратегии и правците на делувањето на партијата.

Токму затоа, во рамки на партијата ќе се формира посебно тело, наречено **Форум на искусните**. Во ова тело ќе членуваат широк круг на поранешни партиски и функционери на централно и локално ниво и ќе заседава најмалку еднаш годишно. Членовите на Форумот ќе се избираат т.н. **Совет на искусните.** Советот ќе заседава на во редовни месечни средби (по потреба и почесто) , особено во периоди пред избори, или пред донесување на битни и стратешки одлуки. Советодавната улога на ова тело ќе се однесува во прв ред кон раководството на партијата и нејзиниот претседател, но секако и кон сите други членови на партијата. Советот на искусните ќе формира и свои оперативни тела, составени од членови на советот или други членови на партијата, а тие тела на советот ќе ја помагаат работата на раководството на партијата и на претседателот.

**ЦЕЛ: План и активности за дејствување од перспектива на опозиција**

**ПРИСТАП**: За да имаме функционална демократија, настапот на опозицијата е форма на лидерство подеднакво важно за заштита и служба на интересите на граѓаните, како што е и кога партијата е дел од мнозинството. Гласна, проактивна, критична, конструктивна за се што е од интерес на сите граѓани. Пратениците, во соработка со партиските тела и комисии, мора детално да ги анализираат и потоа коментираат предлозите кои доаѓаат од владејачкото мнозинство, но и активно да предлагаат решенија кои произлегуваат од потребите на граѓаните. **Новиот СДСМ станува движечка, основна опозициска сила во Собранието.**

Новиот СДСМ како опозиција, треба да ги користи расположливите механизми не само во Собранието, туку да гради капацитети да дејствува и како "Влада во сенка", водејќи се од принципите на професионализација и експертиза на тимот. а нивната задача е тродимензионална: прво, дебатирање и коментирање (напаѓање) на мерки што ги носи владата во одреден ресор; второ, предлагање на мерки што би биле корисни за одреден ресор во државата што ќе бидат новина за владата, или алтернативни решенија на решенијата што ги нуди владата; и трето, постепено формирање на личности потенцијални носители на високи функции во иднина и нивно промовирање пред граѓаните. Ресорите во „Владата во сенка" ќе работат во состав и со поддршка на тела (комисии) што ќе се формираат во рамки на партијата за одредени области (економија, надворешна политика, здравство, образование, социјална политика, зелена агенда итн.).

Работењето на „Влада во сенка“ е критично зависно од изборот на личностите кои ќе членуваат во неа. Раководството на новиот СДСМ ќе се грижи првенствено за квалитетот и докажаноста на луѓето кои ќе членуваат во телата на владата во сенка. Во таа смисла, ќе постои континуиран напор за привлекување на нови луѓе (кои не се членови на партијата) за членување во тела на владата во сенка. Меѓу останатото, владата во сенка ќе се користи и како механизам за привлекување на нови членови во партијата, пред сé на млади луѓе.

# Г. КЛУЧЕН ФОКУС

**ЦЕЛ: Забрзан економски раст**

**ПРИСТАП:** Еден од најбитните аспекти со посебен фокус во делувањето на новиот СДСМ секако е побрзиот економски раст и развој на државата. Всушност, се работи за политичко делување во правец на создавање на услови и предлагање на мерки што ќе овозможат побрз економски развој на државата.

Во најкуси црти, за новиот СДСМ забрзаниот економски развој на државата ќе се темели на: зголемување на продуктивноста и пораст на конкурентната способност на македонската економија; фокусирање на развоен модел базиран на пораст на извозот на стоки и услуги со повисока домашна додадена вредност; развој базиран на иновации и создавање на нови производи и услуги што ќе се реализираат преку извоз; дигитализација на сите производни процеси во приватниот сектор, како и на работењето на државната и локалната администрација; директни инвестиции од македонски и странски компании; стратешко насочување и селективна поддршка на земјоделството и туризмот; забрзано спроведување на „зелената агенда" и искористување на нејзините потенцијали за забрзан економски раст и развој.

За новиот СДСМ ќе биде особено важно придобивките од идниот забрзан економски развој да бидат широко споделувани од сите граѓани, а не да им припаѓаат само (или првенствено) на тесен круг луѓе од бизнисот. Тоа ќе се постигнува со меѓусебно влијание на мерките за забрзан економски развој со други аспекти, мерки и фокусни точки наведени во оваа програма (подобро образование, социјална заштита, праведна политика на прераспределба на новосоздадената вредност и тн).

За новиот СДСМ еден од клучните партнери ќе претставува приватниот (деловен) сектор во државата. Ќе дадеме поддршка и ќе предлагаме политики и мерки со кои успешните ќе станат уште подобри и поуспешни. Оние кои растат, да растат побрзо. Успешните компании и поединци се главната движечка сила на општеството, на македонската економија и новиот СДСМ ќе се води од овој принцип. Програмите за поддршка на бизнисот ќе се базираат на јасни критериуми, како што се: повратот на средства во јавните фондови, креираните работни места, висината на платите и создадената додадена вредност. Со јавните средства за поддршка на бизнисот треба да се управува како со секој современ инвестициски фонд, со јасни цели и политики.

**ЦЕЛ: Ефикасен правен систем**

**ПРИСТАП:** Современа држава со забрзан економски развој и развиена демократија, каква што треба да стане С.Македонија се темели на владеење на правото – доследна, бескомпромисна и неселективна примена на законските одредби и норми за сите граѓани во државата. Никој не смее да биде ниту дискриминиран, ниту посебно фаворизиран во однос на (не)почитувањето на законите.

Новиот СДСМ ќе има улога на активен поддржувач на сите соодветни и корисни реформи за градење на С.Македонија како држава со владеење на правото. Основната насока на делување во оваа смисла, е изградување на систем од правила и на институции за нивно спроведување

што ќе создаваат услови во кои „незаконитоста нема да се исплатува". Токму во неспроведувањето на таа максима се состои слабоста на сите досегашни реформи за владеење на правото во нашата држава. Новиот СДСМ ќе застане активно и непоколебливо на страната реформи за независност на судската власт, за избор на судии и обвинители врз база на нивната стручност и постигнувања во работењето, почитување на достоинството на судската власт, барање на целосна одговорност од судии и обвинители кои ќе бидат пристрасни, или ќе кршат одредени закони итн.

**ЦЕЛ:** Современо о**бразование**

**ПРИСТАП:** Најважен самообновлив ресурс и развоен фактор за С.Македонија е човечкиот капитал. Тоа се сите граѓани на државата, а пак самиот развој на државата е невозможен, па и незамислив, без добро-образувани и високо-квалификувани граѓани (работна сила).

Во однос на образованието и образовниот процес во државата, за новиот СДСМ најбитни ќе бидат два аспекти: прво, широк опфат (сите деца и млади луѓе да имаат еднакви шанси и можности да се стекнат со подобро образование), за да можат да ги искористуваат своите потенцијали; второ, подигнување на квалитетот на сите видови образование во државата (предучилишно, основно, средно, високо, формално, неформално, практично и тн).

Покрај тоа, со своите политики и предлог мерки новиот СДСМ ќе настојува да воведе новини во образованието што се неминовни во 21 век. Прво, ќе се залагаме за тоа образованието да ги квалификува учениците и студентите за „новите вештини што ги бара новиот век", како и тоа дека сите образовни процеси ќе треба да се базираат на дигитализација. Конечно, образованието и неговите достигнувања ќе треба да бидат добро рангирани согласно меѓународни параметри и мерила за квалитет на образованието.

**ЦЕЛ: Достапно и квалитетно јавно здравство**

**ПРИСТАП:** Човечкиот капитал и подобрувањето на неговиот квалитет има три составни делови: образование, здравство и социјална заштита. Оттука, фокусот на новиот СДСМ врз подобрување на здравството и здравствениот систем во државата треба да се гледа како дел од напорите за градење на човечки капитал со подобар квалитет.

Од друга страна, во современа држава здравствената заштита претставува и дел од основните човекови права. Во таа смисла, за новиот СДСМ здравствениот систем на државата треба да се темели врз начелата на подобрување на квалитетот на здравствените услуги, како и на солидарноста во нејзиното обезбедување. Затоа, за новиот СДСМ основен темел на здравството ќе биде јавниот (државниот) здравствен систем, додека приватниот дел од здравствениот систем треба да претставува дополнение на јавниот здравствен систем, но не и негова замена. Понатаму, финансирањето на здравството треба да се базира на одржливи придонеси за здравствено осигурување, како и со дополнување со средства од државниот буџет. Инвестициите во здравството ќе бидат насочени кон набавка на современа опрема, изградба и

реновирање на амбуланти, здравствени домови и болници, а потоа и за обука, дообука, преквалификација и доквалификација на здравствените работници. Исто така, во делот на здравствени услуги што се обезбедувани и од приватни здравствени установи, новиот СДСМ ќе настојува да не дозволи да се создаваат услови за „искористување“ на пациентите преку „слободно формирање на цените преку понудата и побарувачката“. Ако има сегмент каде пазарот (пазарниот механизам) покажува неуспех, тоа е во делот на здравствените услуги. Оттука, за новиот СДСМ доброто регулирање на пазарот (всушност висината на цените за услугите и сл.) што ќе ги дава приватното здравство ќе биде од првенствен интерес. А во јавното здравство сите пациенти ќе бидат третирани на потполно еднаков начин и ќе треба да добиваат услуги со еднаков квалитет.

**ЦЕЛ: Грижа за секој поединец**

**ПРИСТАП:** Трајно извлекување од сиромаштија е можно само преку вклучување на пазарот на труд и затоа ја гледаме социјалната политика како инструмент за поттикнување на економскиот развој и подигнување на квалитетот на животот на граѓаните. Активацијата и вработувањето се приоритет за лицата во системот на социјална заштита. Вложуваме во развој на економија на грижа и социјални услуги кои овозможуваат грижа и предучилишен развој на децата, независно живеење и живеење со поддршка на лицата со попреченост, достоинствено стареење. Намалување на детската сиромаштија преку обезбедување еднаков пристап до образование, јавни услуги за грижа и заштита на секое дете.

**ЦЕЛ: Зелена транзиција, борба против аерозагадувањето**

**ПРИСТАП:** Премин кон економски одржлив раст и економија која нема да биде заснована врз прекумерна потрошувачка на природните ресурси преку мерки за поддршка и развој на зелени работни места. Економија која има стабилна, сигурна и ефикасна енергетска и дигитална инфраструктура. Во фокусот на транзицијата се луѓето, процесот ги вклучува сите, особено најранливите граѓани, работните места се заштитени преку обука/доквалификација/преквалификација. Зелената транзиција не смеат да биде привилегија на тие со повеќе ресурси, преку активните мерки за вработување и самовработување се одвојуваат повеќе средства за креирање работни места за социјално исклучените групи во овој процес, поддршка за нови бизниси и создавање пристојна работа. Мерките и политиките ги креираме преку социјален дијалог со сите засегнати страни и принципот никој да не биде изоставен, во партнерство со граѓанските организации.

**ЦЕЛ: Дигитализација заснована на владеење на право и социјална кохезија**

**ПРИСТАП:** Дигитализацијата носи многу нови можности и целосна трансформација на општеството. Ние, мора сме носители на таа трансформација и имаме обврска да ја испорачаме најдобрата технологија, но и одговорност да создадеме фер услови. Дигитализацијата значи можност за подобра испорака на услуги кон граѓаните, подобрена транспарентност, намалена

можност за корупција, подобро образование, подобро јавно здравство. Како социјалдемократи, мора да се залагаме за намалување на дигиталниот јаз за подеднакво вклучување на ранливите групи.

**ЦЕЛ: Остварувањето на националните стратешки приоритети**

**ПРИСТАП:** Во досегашното дејствување, СДСМ имаше недвосмислена определба за остварување на трн. стратешки приоритети на државата – членството во НАТО, пристапувањето во Европската унија, водењето на добрососедска политика, како и соодветно меѓународно позиционирање на државата. За новиот СДСМ наведените стратешки определби исто така ќе претставуваат недвосмислен приоритет. Бидејќи, преку исполнувањето на стратешките приоритети, ќе се постигне остварување на желбите и аспирациите речиси на сите граѓани на нашата држава. Во таа смисла, реализацијата на наведените стратешки приоритети ќе се постигнува без никакво загрозување на идентитетските, или било кои други битни аспекти на било кои граѓани на С.Македонија.

Новиот СДСМ ќе се бори за доследно почитување на меѓународните обврски и договори на државата. Само со чист образ Македонија може да биде почитуван и уважен член на европското и глобалното семејство на држави. Преспанскиот договор и членството во НАТО се гарант не само на безбедноста и сигурноста на сите наши граѓани, туку и македонскиот јазик, култура и идентитет. Во односите со Бугарија и продолжувањето на преговорите со ЕУ, новиот СДСМ ќе има принципиелен став на почитување на волјата на македонските граѓани за поддршка на моделот на надминување на отворените прашања што го понуди нашиот политички опонент.

# КЛУЧНИ ПАРТНЕРИ

Во време кога се чувствува отуѓувањето на граѓаните од политичките процеси, СДСМ мора да работи и на повторно враќање на довербата и конструктивната соработка на партијата со своите традиционални партнери, првенствено синдикатите и граѓанските организации. Тие овозможуваат канализирање на различните гледишта и потреби на граѓаните, првенствено на работниците и ранливите групи кои се од наш примарен интерес.

Новиот СДСМ ќе промовира култура на отворен дијалог со сите чинители во општеството, синдикатите, граѓанските организации, медиумите, младинските организации, бизнис заедницата, меѓународните организации. Само така може да се стигне до решенија кои ќе ја движат државата напред. Но, нашиот политички идентитет како социјалдемократи секогаш мора да ни биде водилка во овој дијалог!

**Граѓаните**

Новиот СДСМ во примарен фокус ја има волјата и интересите на граѓаните и ја застапува на автентичен начин. СДСМ има најдиректен со граѓаните и ја демонстрира својата посветеност и стручност преку политиките што ги застапува.

**Граѓански организации**

Граѓанските организации за нас се директна врска со граѓаните и гласот на нивните потреби. Истовремено, најдобар коректив на постапките и политиките и на партиите и на власта. СДСМ никогаш не ги етикетира граѓанските организации и не користи репресивни методи за заплашување и контрола. Тоа најдобро се покажува преку унапредувањето на овозможувачката околина за граѓанското општество, споредено со периодот пред 2017 година. Новиот СДСМ редовно комуницира и организира тематски средби со граѓанските организации и работи на политики за подобрување на финансиската одржливост на ГО. При креирање на решенија се користат истражувањата и анализите на ГО. Новиот СДСМ има структура која е задолжена да редовно комуницира со ГО, наместо тоа да се случува само пред избори.

**Синдикати**

Отворен социјален дијалог е главниот инструмент за СДСМ при креирање политики, а синдикатите се клучен партнер. Заедно со нив работиме на решенија за плата достојна за живот, наместо плата за преживување. Почитувањето на колективното договарање за унапредување на работничките права е наш приоритет. Безбедноста и здравјето при работа се во фокусот, покрај принципот достоинствена плата за достоинствена работа.

**Медиуми**

Новиот СДСМ има зајакнати практики и канали за отворена како внатрешна, така за надворешна комуникација. Отворена, постојана врска со медиумите и редовни брифинзи. Медиумите се чувари на демократските процеси и доброто владеење, како во рамки на партиите, така и за институциите на државата. СДСМ покажа дека работи за слободни и независни медиуми, со целосна почит на слободата на изразување и известување. Довербата мора да се развива и преку политики кои го регулираат и унапредуваат статусот на новинарите и медиумските работници.

**Стратешки партнери на државата**

Стратешки партнери на нашата држава се САД, како и земјите членки на ЕУ. Се разбира, државата треба да настојува да има колку што може подобри односи и со сите пријателски држави во светот. Наведените стратешки партнери на државата ќе останат да ја имаат истата улога и за новиот СДСМ.

**Бизнис**

За новиот СДСМ еден од клучните партнери ќе претставува приватниот (деловен) сектор во државата. Ќе дадеме поддршка и ќе предлагаме политики и мерки со кои успешните ќе станат уште подобри и поуспешни. Оние кои растат, да растат побрзо. Успешните компании и поединци се главната движечка сила на општеството, на македонската економија и новиот СДСМ ќе се води од овој принцип. Програмите за поддршка на бизнисот ќе се базираат на јасни критериуми, како што се: повратот на средства во јавните фондови, креираните работни места, висината на платите и создадената додадена вредност. Со јавните средства за поддршка на бизнисот треба да се управува како со секој современ инвестициски фонд, со јасни цели и политики.

**Младински организации**

Отворен дијалог помеѓу младинските организации и новиот СДММ, како партиски подмладок, за нас е потенцијалот кој гради и генерации што работат заеднички за доброто на државата и решенија кои одговараат на потребите на младите. Континуираната едукација на членството и структурите се планира и реализира во партнерство и со младинските организации, меѓу останатите.

**Сојуз на пензионери**

Новиот СДСМ ги креира сите политики во директна комуникација со целните групи на кои се однесуваат. Сојузот на пензионери останува да биде партнер во сите политики и мерки кои значат активно и достоинствено стареење и одговарање на потребите на оние кои ја граделе државата.

**Меѓународни организации**

Новиот СДСМ ја унапредува отворената комуникација и соработка во јакнење на структурите и креирањето на политики на партијата со сите меѓународни организации кои делуваат во нашите клучни области, како и политичките фондации кои работат со партиите.

Скопје, 5 јуни 2024 година

Јован Деспотовски, Кандидат за Претседател на СДСМ